**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за животна средина**
**Палата "Емануел Чучков", ул.“Павел Шатев“ бр.2, 5-ти спрат**
**http://www.sei.gov.mk/**

**Решение број ИП1- 09-61**
**од 31.08.2023 година**

Државниот инспекторат за животна средина, преку раководител на одделение регион запад виш водостопански инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје, со деловно седиште ул.„3-та Македонска бригада 1“ бр.10а, Скопје, застапувано од членот на одбор на директори - Главен извршен директор Локман Љимани со
и со Записник број ИП1-09-61 од 30.08.2023 год. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став (2) и член 234 став (2) од Законот за водите (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015;52/2016 и 151/2021) член 83 став (2) од Закон за инспекциски надзор (Службен весник бр.102/2019), го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1) **Се ЗАДОЛЖУВА** АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, **носител на дозволата бр. УП1-11/5-663/21 од 23.08.2021 год.** со која се стекнал со право за вадење наносен матерјал од песок и чакал од коритото на река Вардар на делница м.в. Џондова Бавча, КО Криволак и КО Пепелиште, општина Неготино во должина од 752,50 м, заради уредување,заштита и подобрување на режимот на водите на р.Вардар,заради завршување (истекување) на рокот на важење на истата (до 23.08.2023 година) **да достави**:

- **Геодетски елаборат за делницата каде се извршувале активностите со состојба по завршување на важење на договорот и на дозволата** (услов и обврска од дозволата).

- **Записник за количините на изваден матерјал според техичка документација и потврда дека целосно се подмирени финансиските обврски** кон носителот на дозволата од страна на Универзал Градба ДООЕЛ Неготино (согласно член 5 од договорот)

- **Извештај – доказ, за извршена уплата на надоместокот од 7% од утврдената цена за м$^3$** (според Дел 5 од дозволата), а согласно член 215 од Законот за водите.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1) на ова решение, е **30 (триесет) дена ,** по приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1) на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта **да ги достави бараните документи до Министерство за животна средина и просторно планирање,Управа за животна средина - Сектор води и до Државниот инспекторат за животна средина - Скопје**.

4)Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Државниот инспекторат за животна средина, согласно член 69 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РМ бр.102/2019) преку Виш водостопански инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015 спроведе редовен инспекциски надзор во АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје, со деловно седиште ул.„3-та Македонска бригада 1“ бр.10а Скопје, застапувано од присутното лице Илија Темелковски, Раководител на одделение за уредување на речни корита, со овластување бр. 03-399 од 18.02.2022 год. Увидот се изврши според член член 230 став (1) точка 18) а во врска со член 142 од Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014,146/2015, 52/2016 и 151/2021).
Составен е Записник број ИП1-09-61 од 30.08.2023г. во кој е констатирана следна состојба:

Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина – Сектор води, има издадено Дозвола за уредување,заштита и подобрување на режимот на водите на река Вардар, со вадење на носен матерјал од песок и чакал на дел од коритото на река Вардар, делница Џондова Бавча со **бр.УП1-11/5-663/21 од 23.08.2021год**. на АД Водостопанство на РМ со седиште на ул.“3 -та Македонска Бригада“ бр.10 Скопје, со која се стекнува со право за вадење на наносен матерјал од песок и чакал на дел од коритото на река Вардар на делница м.в. Џондова Бавча КО Криволак и КО Пепелиште, општина Неготино, во должина од 752,50 м, заради уредување, заштита и подобрување на режимот на водите на река Вардар,со планирани следни количини на речен матерјал:

- Вкупно количество матерјал дозволено да се извади (од сите локации)---------53.786,15 $м^3$
- Вкупно количество на матерјал кој може да се пушти во промет ----------------- 31.029,42 $м^3$
- Вкупно за изградба и одржување на заштитини водостопански објекти -------- 22.756,73 $м^3$

Временскиот рок на важење на дозволата од 2 години заврши **на 23.08.2023 година.**

За реализирање на условите од дозволата АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, има склучено Договор бр. 10-932/12/2021 од 22.03.2022 год. со **УНИВЕРЗАЛ - ГРАДБА ДООЕЛ Неготино** со седиште на ул.“ Баба Ана Ташева“ бр.5 Неготино, со ЕДБС 4199921000130 и ЕМБС 4583981, за купопродажба на наносен матерјал (песок,чакал и камен) отстранет од речното корито на река Вардар на делница м.в. Џондова бавча, КП 2248/1 КО Пепелиште и КП 760/1 КО Криволак, општина Неготино, во должина од 752,50 м. Времетраењето на овој Договор е до важење на Дозволата бр.УП1-11/5-663/21 од 23.08.2021 год. за вадење наносен матерјал песок и чакал од коритото и бреговите на река Вардар, до 23.08.2023 год.

По завршување на активностите согласно рокот на важење на дозволата (до 23.08.2023 г.) во присуство на овластен претставник на АД Водостопанство на РСМ – Скопје, се изврши увид во целокупната документација (Основен проект со тех.бр.078/1-21 од март 2021год. изработен од ГЕО ИНГ ДОО Делчево, Дозвола бр. УП1-11/5-663/21 од 23.08.2021 год. Договор бр.10-932/12/2021 од 22.03.2022 год., градежен дневник, дневни извештаи за количеството на вкупно изваден речен матерјал,при што се констатира следната состојба:

- Воведувањето во работа на правниот субјект Друштво за изведување на градежни работи и транспорт УНИВЕРЗАЛ - ГРАДБА ДООЕЛ Неготино е од 14.06.2022 год.

Со работни активности на вадење на наносен матерјал од песок и чакал од коритото на река Вардар е започнато на 11.08.2022 год. Работите се извршувани од крајна стационажа 0+752,58 до стационажа 0+440, при што се евидентирани следните количини:

- вкупно изваден наносен матерјал ---------------------------------------------------------------17.904,00 $м^3$
- употребен матерјал за изработка на насип ---------------------------------------------- 6.804,00 $м^3$
- вишок матерјал продаден со издадени испратници ----------------------------------11.100,00 $м^3$

За пуштање во продажба на ископаниот – изваден наносен матерјал (песок и чакал) од речното корито на река Вардар, носителот на дозволата АД Водостопанство на РСМ-Скопје, има издадено испратници за вкупна количина од **11.100,00 м$^3$** за што се издадени вкупно (19+3) = **22 фактури**.

Согласно член 215 од Законот за водите во издадените фактури, носителот на дозволата е должен надоместокот кој се плаќа за вадење на песок,чакал и камен кој изнесува 7% од утврдената цена за м$^3$ (согласно член 3 од договорот, цената изнесува 91,00 ден/м$^3$) да го прикаже одвоено во фактурите и да го уплати на посебна уплатна сметка во рамки на трезорската сметка, дадена во дозволата.

**Вкупен надомест кој треба да се плати (11.100,00 м$^3$ x 91,00 ден/м$^3$ x7% = 70.707,00 ден.)**

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение, може да се изјави жалба, согласно член 240 од Законот за водите и член 84 од Законот за инспекциски надзор.

Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решениeто, до Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, на адреса : Кеј Димитар Влахов бр.4 1000 Скопје.

Според член 37 од Закон за административни такси,тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата на РСМ, за жалба против решение, за тарифен број 2 се уплатува 250 денари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

Решено во Државен инспекторат за животна средина, со решение број ИП1-09-61 од 31.08.2023 година.

**Тони Димески**
Водостопански инспектор
Бр.лег. 06-0015

Доставено до :
- Архива
- АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост - Скопје, ул.„3-та Македонска бригада 1“ бр. 10а ,1000 Скопје .